РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности
# за месец февруари 2019

март, 2019

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ........ 1
Испит за административно управување ........ 2
Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ........ 2
Соработка со други институции и меѓународна соработка ........ 3
Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ........ 3
Јавни набавки ........ 4
Реализација на буџет ........ 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец февруари 2019 година, примени се 14 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, објавени се 17 огласи, за вкупно 50 работни места за 55 извршители. За институциите од централната власт објавени се 10 јавни огласи за 31 работни места со 35 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 7 јавни огласи за 19 работни места со 20 извршители. На објавените огласи пријавени се 1130 кандидати, од кои 813 кандидати се пријавени за институциите од централната власт и 317 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 14 | / | 17 | / | 10 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 7 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 50 | | 6 | 21 | 4 | 31 | | 2 | 12 | 5 | 19 |
| Извршители | | | 55 | | 6 | 25 | 4 | 35 | | 2 | 13 | 5 | 20 |
| Број на пријавени кандидати | | | 1130 | | 102 | 668 | 43 | 813 | | 10 | 265 | 42 | 317 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 22 | 13 | 8 | 11 | 3 | 22 | 9 | 12 | 29 | 0 | 41 |

*Табела 1. Јавни огласи февруари 2019*

Во истиот период спроведени се 8 административни селекции за пријавени 216 кандидати, спроведени се 18 испити на кои што се поканети 726 кандидати, од кои полагале 274 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 19 огласи за 117 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 18 огласи и предлог за избор на 74 кандидати, а објавени се 65 одлуки за избор на кандидати за вработување од 23 огласи.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 8 | 216 | 18 | 726 | 274 | 19 | 117 | 19 | 80 | 18 | 74 | 23 | 65 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи во февруари 2019*

Во Агенцијата за администрација во месец февруари 2019 година, примени се 12 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 12 огласи, за вкупно 136 работни места за 153 извршители. За институциите од централната власт објавени се 10 интерни огласи за 129 работни места со 146 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 2 интерни огласи за 7 работни места со 7 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">12</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">12</td><td rowspan="2">/</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>10</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно- стручни</td><td>Вкупно</td><td>2</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно- стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>136</td><td rowspan="2"></td><td>14</td><td>94</td><td>21</td><td>129</td><td rowspan="2"></td><td>4</td><td>2</td><td>1</td><td>7</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>153</td><td>16</td><td>98</td><td>32</td><td>146</td><td>4</td><td>2</td><td>1</td><td>7</td></tr>
</table>

*Табела 3. Интерни огласи февруари 2019*

# Испит за административно управување

Во текот на месец февруари 2019 година, спроведени се 8 испити за административно управување и испратени се 4 Известувања до Министерството за информатичко општество и администрација за резултатите од полагањето на испитот. На спроведените сесии за административно управување, пријавени беа 133 кандидати. Од нив на испитот се појавија 72 кандидати, од кои што испитот го положија 51 кандидати или 71 %. Од кандидатите кои што полагале, 67 се вработени во јавен сектор, 3 во приватен сектор, додека 2 од пријавените кандидати се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | положиле | неположиле | јавен сектор | приватен сектор | невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 133 | 72 | 51 | 21 | 67 | 3 | 2 |

*Табела 4. Административно управување февруари 2019*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец февруари 2019 година, беа поднесени 45 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 7 седници, обработи 39 жалби, од кои 29 жалби се од државни службеници и 10 жалби од јавни службеници.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени се 2, одбиени 22, отфрлени како недозволени 2 и мериторно одбиени 3 жалби.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници уважена е 1, одбиени 7, отфрлена како недозволена 1 и мериторно одбиена 1 жалба.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | уважени | | одбиени | | отфрлени како недозволени | | отстапени на друг орган | | повлечени од подносител | | не надлежност | | мериторно уважени | | мериторно одбиени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 30 | 15 | 29 | 10 | 2 | 1 | 22 | 7 | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | 3 | 1 |

*Табела 5. Обработени жалби во февруари 2019*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец февруари 2019 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 29 предмети, од кои 10 се однесуваат на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 19 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, општини, граѓани и други, и тоа: Државно правобранителство на Република Македонија (1); Управен суд (3); Јавна здравствена установа „Здравствен дом“ – Струга (1); Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (3); Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер (1); Синдикат на администрација и државна управа на Македонија (1); Општини (2); административни службеници (3); адвокат (1); Истражувачка репортерска лабораторија (1) и граѓани (2).

Во периодот од 24.02.1019 година до 26.02.2019 година, генералниот секретар на Агенцијата за администрација, учествуваше на работилница за Утврдување и анализа на проблемите во имплементација на Законот за вработените во јавниот сектор и подготовка на препораки за потребни измени и дополнување, хотел Скардус – Тетово;

Вработени од Агенцијата во текот на месец февруари 2019 година присуствуваа на следните настани:

- Четврта конференција “The Last Line of Defence-No Pasaran”, хотел Александар Палас – Скопје;
- Работилница за секторска отчетност во рамки на проектот “Носење промена – ефективност и добро управување во јавната администрација”, хотел Хилтон – Скопје;
- Оценска мисија за проценка на прогресот во имплементација на дел од Начелата во јавната администрација, СИГМА/ОЕЦД, Министерство за информатичко општество и администрација – Скопје.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата, пристигнати се 87 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 83 е одговорено, а на 4 не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец февруари 2019 година, утврдена е потреба од започнување на 6 постапки за јавни набавки за кои се донесени одлуки за јавни набавки, објавени се 6 огласи за јавни набавки на ЕСЈН, донесени се 5 одлуки за избор на најповолни понудувачи и склучени се 2 договори за јавна набавка со вкупна вредност од  296.000,00 денари без ДДВ, односно 249.280,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 6 | 6 | 5 | 2 |

*Табела 6. Јавни набавки февруари 2019*

# Реализација на буџет

Во месец февруари 2019 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2019 година | Реализација на буџетот до 28.02.2019 | Реализација на буџетот од 01.02.2019 - 28.02.2019 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|
| **401–основни плати** | 22.913.000,00 | 3.587.875,00 | 1.789.623,00 | 19.325.125,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.475.000,00 | 1.343.565,00 | 678.424,00 | 7.131.435,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 5.000,00 | 0 | 55.000,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.500.000,00 | 381.159,00 | 187.158,00 | 2.118.841,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 300.000,00 | 24.990,00 | 14.990,00 | 275.010,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.500.000,00 | 302.528,00 | 64.953,00 | 2.197.472,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.700.000,00 | 100.467,00 | 39.649,00 | 1.599.533,00 |
| **426-други тековни расходи** | 400.000,00 | 93.243,00 | 23.432,00 | 306.757,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 500.000,00 | 128.940,00 | 0 | 371.060,00 |
| **483-купување на мебел** | 50.000,00 | 0 | 0 | 50.000,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 4.000.000,00 | 798.467,00 | 798.467,00 | 3.201.533,00 |
| **ВКУПНО** | 43.398.000,00 | 6.766.234,00 | 3.596.696,00 | 36.631.766,00 |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*